# МИСЛОВНИТЕ АВАНТУРИ НА СОФИ



Ана Димишковска
Дејан Донев
Јасмина Поповска
Марија Тодоровска

# МИСЛОВНИТЕ АВАНТУРИ НА СОФИ

SOPHIE
Филозофија со деца за поширока социјална инклузија
www.projectsophie.eu

**Издавач**
Филозофски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Уредник**
Јасмина Поповска

**Дидактичко-методичко обликување**
Јасмина Делчева Диздаревиќ

**Илустрации**
Душица Димитровска

**Лектура**
Дијана Ристова

Материјалите може да се користат според:
CC BY-NC-SA 4.0 DEED
Некомерцијално споделување под исти услови

Ко-финансирано од
Европска Унија

Erasmus+

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“ не можат да сносат одговорност за нив.

АНА ДИМИШКОВСКА
ДЕЈАН ДОНЕВ
ЈАСМИНА ПОПОВСКА
МАРИЈА ТОДОРОВСКА

# МИСЛОВНИТЕ АВАНТУРИ НА СОФИ

2024

# Содржина


7 Софи и мудроста
11 Софи и чудните прашања
17 Софи и кутијата со мисли
23 Нова година – нова јас
31 Приказните за дедо
39 Случајно или нужно
47 Софи и правилата
55 Софи во стапица
63 Софи и „малите“ зборчиња
71 Софи и необичниот ден

# Софи и мудроста

Софи беше љубопитно дете, немирно по дух, секогаш полно со милион прашања за секого. Старите велеа дека „никогаш не затвора уста“, а дури и дека „зборува и кога спие“. Од зори до мрак, секогаш со ведар дух, поради кој понекогаш знаеја и да ѝ кажат дека е „заморна“. Но таква беше Софи – преполна со прашања и со желба на сѐ да најде одговор. Велеа дека името сосем ѝ соодветствува на карактерот.

Кога беше мала, Софи не можеше да го разбере значењето на одговорите што нејзините родители на едноставен и на шеговит начин ѝ ги даваа кога ќе прашаше што е тоа „мудрост“. Како треба да се постапува мудро, што треба да направи за секогаш да биде мудра? Луѓето околу неа ја задеваа, ѝ кажуваа дека е доволно што го има најубавото име, името на Мудроста, но тоа Софи не ја правеше посебна, ниту пак ѝ нудеше прецизен одговор. Не знаеше како да реагира и најчесто беше збунета кога домашните

ѝ велеа: – Што се чудиш!? Па тоа си ти, драго мое дете! Софија, значи Мудрост! – ѝ говореа повеќе низ шега, отколку сериозно, а тоа нејзе уште повеќе ја збунуваше, ја тераше да се чуди, да истражува од ден на ден уште повеќе.

И сега, кога потпорасна, кога е во основно училиште, овие прашања повторно се појавија. Зошто јас да сум Мудроста, самата Мудрост? Сигурно намерно така го бирале името. Ова беше првиот нејзин одговор, но набргу увиде дека е нецелосен. Софи тогаш се запраша дали и животот на Горан, Мила, Ана, Петар и останатите нејзини другарчиња мора да е живот поминат во мудроста? Не можеше само таа да биде една и единствена – Софија = Мудрост. Што е тогаш со другите девојчиња што се викаат како неа? Има многу Софии во светот, си мислеше таа. Уште повеќе, зарем само Софиите се мудри? Зарем мудроста не е едно исто нешто за секого? Кој ја дава и одзема или како се заслужува, со раѓање, со именување, со дела? Софи ги замислуваше мудрите луѓе како оние што знаат многу. Тоа се луѓе со сериозен изглед што знаат да одговорат на секое прашање без многу да размислуваат. А, таа не беше таква.

Кога наполни десет години, за роденден, доби можност конечно да има маче. Домашните веруваа

дека „секое чудо е за три дена“ и дека одговорноста за грижата на мачето подоцна ќе им припадне ним. Сепак, Софи беше премногу исполнета, горда на себе и на својот избор со ветување пред нив, пред себе, но најмногу пред мачето дека сите нив ги чекаат убави денови, исполнети со топло другарување и интересни случки, исто како „во филмовите“. Деновите одминуваа, Софи не ја губеше љубовта за својот миленик, но го подзабораваше во однос на неговите потреби и, секако, внимание. Другарчињата, училишните обврски, едноставно животот, ја опсипуваше со обврски и со сè помалку време во целост да му се посвети на своето другарче. И така дојде денот, кога во брзање, заборави да го нахрани. По безбројните укорувања од останатите, баба ѝ кажа нешто што многу ја замисли. Таа ѝ кажа дека мудроста не е само име и знаење,



туку и одговорност, посветување, внимание, давање љубов, а тоа Софи најдобро треба да го разбере и уште повеќе да го прави во однос на „живите“ подароци. „Со животните е исто како и со луѓето, Софи. Најголемата мудрост, што баба може да ти ја каже, е во тоа да даваш без да очекуваш да ти биде возвратено, во вниманието и грижата!“ – со смирен глас и очи полни со разбирање зборуваше баба ѝ.

Од тој ден Софи реши да се нурне уште подлабоко и поодговорно во откривањето на значењето на мудроста. Софи чувствуваше дека секој поминат ден сè подобро знае да ја препознава мудроста, но сè уште не знаеше целосно да ја објасни. И тоа, некако ја збунуваше. Но едно знаеше, дека е на вистинскиот пат!

Дејан Донев

## Разговараме

☞ Дали знаеш што значи твоето име?
☞ Дали можеш да посочиш некој човек кој го сметаш за мудар? Опиши го!
☞ Опиши некое мудро дело! Зошто тоа може да се нарече „мудро“?
☞ Дали нешто можеме да разбираме, но да не знаеме како да го објасниме?

# *Софи и чудните прашања*

Софи се воодушевуваше од тоа колку многу знаат возрасните. Со часови можеше да го слуша дедо ѝ како раскажува за минатото, татко ѝ за вселената, а тетка ѝ за компјутерските програми. Останувaше занемена кога некој знаеше со колку војска и слонови војсководецот Ханибал ги поминал Алпите или кога некој се разбираше во пишување кодови во некој програмски јазик. Најмногу сакаше да слуша за планетите. Со татко ѝ изработија макета на Сончевиот систем, а лани кога беа во Загреб ја посетија инсталацијата „Приземјен Сончев систем“ и ги посетија сите десет улици на кои беа поставени Сонцето, осумте планети и џуџестата планета Плутон со сразмерна големина и оддалеченост соодветна на онаа вистинската. Неверојатно беше колку долго требаше да патуваат од центарот на градот каде беше поставено Сонцето, до местото каде што беше поставен Нептун, а Нептун беше само малку поголем од тениско топче, за разлика

од Сонцето кое беше речиси два пати повисоко од неа. Секогаш потпрашуваше за сѐ, а кога некој не знаеше да ѝ одговори, тој скришно ќе пребараше на некоја интернет-енциклопедија за да провери. Го знаеше тоа Софи, но не сакаше никој да забележи



дека знае. Нормално дека не може секој да знае дека гасениците имаат 12 очи или дека доматите се овошје, а не зеленчук.

Сепак, Софи забележа дека некогаш поставува прашања на кои сите се збунуваа и замолчуваа, или ѝ одговараа различно, или уште поизненадувачки, ќе ѝ одговореа со „не знам“. Како може некој да не знае

нешто, па зошто тоа не може да се провери? Нели сè има на интернет? Софи заклучи дека овие се посебен вид прашања и таа ги нарече „чудни“ прашања.

На пример, еднаш праша колку е часот и сите дома како „од пушка“ одговорија 15 часот и 30 минути, но кога праша „а што е всушност времето?“, сите како да се збунија. Еден рече: „па, времето е она што го мери часовникот“; некој друг додаде: „тоа што е помеѓу појадокот и ручекот“ (беше време за ручек, а брат ѝ Стефан сè мереше низ јадењето); а трет на шега извика: „времето е пари“. Мораше да признае дека ова не беше баш едноставно прашање, и самата се прашуваше дали времето тече исто за сите, па дури и дали тече исто за еден ист човек во различни ситуации. Сигурно не беше исто она време вчера кога ѝ го поправаа забот со тоа време кога си играше со новото милениче – маче. А, часовникот и во двата случаја покажуваше 30 минути.

Туку, колку многу се радуваше за мачето. Од кога ги молеше родителите да ѝ дозволат да си земе едно – да го чува, да го гали, да си игра со него. Многу сакаше мачиња. Тие понекогаш беа многу љубопитни, непредвидливи, смешни, а понекогаш неверојатно мрзеливи, исто како неа. Но кога мислеше на мачињата, повторно си поставуваше од оние „чудни“



прашања, како на пример, дали мачињата знаат дека се мачиња? На почетокот беше убедена дека знаат: мачето знаеше кога го вика, дури знаеше и дека таа го вика, а не некој друг, но потоа се премисли кога виде дека нејзиното маче мислеше дека пред себе има друго маче кога се погледна во огледало, па се обидуваше да го допре со шепата. Одлучи да поразговара со мајка ѝ и да види што мисли таа, но кога отиде во кујната ненадејно се најде среде вечната дискусија која слика е најубава за да ја купат и која најубаво би прилегала во дневната соба. Но, зарем можеше некој да каже која слика е најубава?

Јасмина Поповска

**Кодирање**. Запишување нешто со помош на кодови – знаци во вид на броеви или комбинации што се користат во електронски машини.

**Сончев систем** е систем кој го сочинуваат Сонцето, осум планети (Меркур, Венера, Земја, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран и Нептун) со нивните сателити, многубројни астероиди, комети и метеори. Сите тие формираат целина под дејство на гравитациските привлечни сили што постојат меѓу нив.

**Ханибал** (247-183/181 год. пр. н. е) е картагински генерал и еден од најголемите војсководци во античкиот период. Тој со својата војска и придружбата од слонови и коњи, поминувајќи ги Алпите, се приближил до Рим во Втората пунска војна.

## *Од речникот*



## *Разговараме*

☞ Дали некогаш си се воодушевил/а од нешто што возрасните го знаеле? Раскажи!

☞ Дали се случило некој возрасен да не знае да одговори на некое твое прашање? Кое прашање беше тоа?

☞ Дали има некое прашање чиј одговор многу те интересира, а не може да се најде на интернет? Кое е тоа прашање?

☞ Дали прашањето на Софи „Дали мачињата знаат дека се мачиња?“ го сметаш за „чудно“ прашање? Зошто?

# Софи и кутијата со мисли

Софи многу често уживаше кога беше сама.

Секако, многу сакаше да си игра со другарчињата и да го поминува своето време со другите. Така сѐ беше позабавно. Сакаше да се забавува на родендени, да игра криенки, да се маскира. Да, многу сакаше да се маскира, тоа ѝ беше омилено. Особено лани кога со помош на мајка ѝ изработија костим со балони и Софи беше маскирана во еден огромен виолетов грозд. Смешно ѝ беше кога ќе се сетеше дека едвај го гледаше патот по кој одеше затоа што балоните ѝ беа наредени околу главата, но ѝ годеше



вниманието од сите другарчиња, особено од Петар. Ја фотографираа и за училишниот весник.

Сепак, имаше нешто посебно убаво кога си играше со нејзините мисли. Таму немаше правила, како пред некој ден кога мораше да се повтори трката на која очигледно беше дека ќе победи затоа што двајца од учесниците не тргнале на време. Со нејзините мисли можеше да прави што сака. Си замислуваше како победува со нејзиниот кошаркарски тим против тимот што секогаш го победуваше нејзиниот; како Ангела повеќе не ѝ е скарана; како Стефан не ја прекинува во омилената онлајн игра за која има само 15 минути. Најчесто знаеше што сака, што чувствува и што мисли, но имаше некои мисли за кои не знаеше што да мисли. На пример, кога се станува „пораснат"? Баш пред некој ден ги гледаше фотографиите од летниот одмор од пред две години. Фустанчето што го носеше на една од нив веќе од лани ѝ беше мало, но воопшто не забележа кога се случи да го надрасне. Исто така, го забележа и Стефан на едната фотографија, таму беше речиси бебе, а сега веќе не е. Сега е дете. Во кој момент се случи тоа? Потоа си помисли, кога таа ќе престане да биде дете? Утре, за две недели, за четири години, во кој миг стануваме различни? На пример, кога



Софи стана висока, а престана да биде ниска? Кога ги помислуваше овие нешта имаше некое чудно чувство дека овие мисли живеат само во нејзината глава и дека ако излезат од неа, на пример, ако ѝ каже на другарка ѝ Ана за нив, нема да ја разбере или ќе мисли дека е чудна.

Дали и другите деца имаат вакви „чудни“ мисли? Понекогаш си мислеше дека нејзината глава е една голема кутија исполнета со нејзините мисли во која никој не може да влезе и дека ако се обиде да опише што има во неа, другите нема да ја разберат. Кога ќе ги претставеше овие мисли низ зборови ѝ изгледаа почудни отколку кога беа во нејзината глава. Дали некој можеше да го разбере истото што го мислеше

и таа? Софи си помислуваше дека е побезбедно да не ги кажува и да си останат во кутијата. Но, некогаш се чувствуваше осамено и неразбрано, а поради тоа беше тажна.

Еден ден на часот по Ликовно во одделението на Софи се зборуваше за виножитото и за волшебното прелевање на боите, кога Андреј ја праша наставничката кога сината станува зелена, а кога виолетова? Одеднаш на Софи како да ѝ олесна, се развесели. Како некој да успеа да влезе низ некое прозорче во нејзината мисловна кутија и да ја осветли. Си помисли дека не е сама и дека можеби сепак нашите мисловни кутии не се толку непристапни. Можеби и другите луѓе се чувствуваат осамени и неразбрани мислејќи дека никој не може да допре до она што има во нивните глави.

Реши после часот да зборува со Андреј.

Јасмина Поповска

## Разговараме

☞ Зошто Софи смета дека со мислите може да правиме што сакаме?

☞ Дали можеш да ги претставиш твоите мисли? Ако можеш, нацртај ги во блокот!

☞ Софи понекогаш се чувствува осамено и неразбрано затоа што не може да сподели што размислува. Дали некогаш си се почувствувал/а како Софи? Како сфати дека така се чувствуваш?

☞ Обиди се да замислиш, а потоа и да раскажеш, како се одвивал разговорот помеѓу Софи и Андреј!

# Нова година – нова јас

Надвор беше крцкаво студено, се стемнуваше мошне рано и јатата чавки гласно бараа засолниште за ноќта, некои прозорци и тераси беа украсени со светилки, на излозите се гледаа накитени елки – полека доаѓаше новата година. Наставничките на училиште носеа црвени џемпери со снегулки, децата, во растреперено очекување, се надеваа на разни подароци, семејствата се прашуваа какви јадења да зготват за новогодишните трпези. Софи ја сакаше Нова година, главно зашто добиваше подароци, но и затоа што луѓето, барем на кратко, беа необично љубезни едни со други. Софи знаеше дека насекаде се чувствува желбата за нешто подобро, за нешто како нов почеток.

Едно утро Софи ја слушна сосетката како возбудено вели дека се радува, затоа што ќе биде „нова година, нова јас“. Софи сфаќаше дека секако

ќе биде Нова година, зашто откако паметеше, Нова година доаѓаше секоја година, но не сфати сосема што „нова јас“ значи. Да, новата година значеше нешто ново, непознато, и носеше, можеби, шанса за некаква промена. Но, како може човек да стане „нов јас“? се прашуваше Софи. Човек може да смени некои нешта за така кратко време, но зарем може да стане целосно нов? Тоа малку ја вознемири Софи. Таа го сакаше својот живот, и се сакаше себеси во тој живот.



Не сакаше да биде некаква нова, сосема различна Софи, зашто беше совршено задоволна кога мајка ѝ

и помагаше со некаква сложена фризура, кога баба ѝ и пржеше лепчиња, кога со татко ѝ спокојно си молчеа додека секој си работеше нешто, дури сакаше и кога сестра ѝ по стоти пат ја прашуваше исто нешто, или кога брат ѝ се влечкаше по неа, небаре Софи е најинтересната играчка во домот. Таа сакаше да оди на училиште, да учи, да си игра со другарите, да оди на разни курсеви.

Еднаш или два пати, кога се жалеше дека ја боли главата, баба ѝ на шега ѝ рече, „па да ја замениме твојата глава со јагнешка? Или со свинска?". Софи знаеше дека ова е шега, и не сакаше да замислува тело на Софи со глава на јагне. Ниту сакаше да стане некаква нова Софи – каква би била таа нова Софи?

Да, Софи знаеше дека некои нешта мооожеби и би можело да се променат – на пример, да биде потрпелива со блиските, или подобра по математика, но сакаше да си остане истата таа – Софи со која се редат шноли на главата, со која се послужува сиренце со пржени лепчиња, со која се молчи спокојно, и со која се зборува и се игра и се радува и се учи.

„Колку од мене треба да се промени за да бидам сосема нова јас?" – се прашуваше Софи. Имаше прочитано некаде дека сите клетки во телото редовно се заменуваат, според што секои неколку години таа

имаше сосема нови клетки. Но, тоа не ѝ се чинеше веродостојно, тоа сепак беше Софи. – „Ако некој ги замени сите делови од мене со сосема нови делови, дали пак ќе бидам јас?“ – го праша татка си. – „Оти да се менуваш, Соф, кога си супер?“ – рече татко ѝ. Ја праша и мајка ѝ, која ѝ одговори: – „Зошто замислуваш такви работи? Морничаво е. Подобро играј си“. Од немајкаде го праша и брат ѝ. Тој се замисли и рече, „мислиш, ако те украдат вонземјани и те заменат со некоја друга? Не сакам така, после со кого ќе си играм? Или, мислиш, нема да препознаам дека си заменета?“ Тоа уште повеќе ја вознемири Софи – полошо од апсолутна промена на сè би било никој и да не забележи дека промената се случила.

Затоа, Софи реши да направи експеримент. Прво зеде стар шпил карти, зашто знаеше дека кај другарка ѝ има ист таков шпил. На секое одење кај неа, што беше често, Софи заменуваше по неколку карти. На крајот сите карти беа заменети.

– „Забележувате ли нешто различно?“ – ги праша сите дома.

– „Ништо“, рекоа тие, „тоа е шпилот карти кој секогаш стои во оваа фиока во дневната“.

Тоа не се чинеше доволно. Затоа, го зеде својот комплет за „Не лути се човече“, и ги убеди другарите

од класот кои имаа исти комплети да се заменат – секој донесе по некое човече, или коцки, или дури и таблата.

– „Гледате ли нешто различно?“ – ги праша сите дома, сметајќи дека ќе се забележи дека фигурите и коцките и дури и таблата (на која имаше гребаница, впрочем, која изгледа само Софи ја имаше забележано) доаѓаат од шест различни комплети.

– „Ништо“, рекоа тие, „ти се игра Не лути се човече? Ќе играме вечер“.

Софи порано си играше со „барбики“, кои потоа ѝ ги довери на сестра си. Зеде една барбика и ја пресоблече, и ја смени фризурата, а потоа, ја одвои главата и ја стави на друга барбика. Сестра ѝ прсна во плач, така што Софи не успеа да ги замени сите делови од барбиката со делови од други барбики. „Овој дел од експериментот не успеа“, си рече Софи.

Продолжи да обрнува внимание на разни нешта во текот на денот. Враќајќи се од училиште поминуваше покрај механичарска работилница. Застана да гледа што прават, и сфати дека менуваат разни делови од автомобилите. По некој ден, ги праша чичковците таму: „колку делови од автомобилот треба да замените за да се смета дека е нов автомобил?“

– „Охоо, од акумулаторот до прозорите, до моторот и каросеријата“, весело ѝ одговорија. „Тоа е скапо, но може да ти склопиме автомобил на старо кога малку ќе пораснеш“.




Софи не сакаше автомобил, сакаше одговори. Сепак, замисли дека има автомобил, и тоа стар, зелен и малечок, како бубачка. Замисли дека дури му дава и име, „Петра“. Потоа замисли дека со години се вози на разни забавни места во тој автомобил и полека мора да ги менува неговите делови. Дали автомобилот Петра е истиот автомобил, ако веќе ниеден дел не е истиот од „почетната“ Петра? Но, друго е автомобил, а друго е Софи. Деловите од автомобилот се механички делови, пластика, стакло и ткаенина, мислеше Софи, не се како мене. Секој нов дел ја врши функцијата на стариот, но сепак е нов дел. Но, дали тоа значи дека

Петра од почетокот е истата? Дали е доволна идејата за Петра, нејзиниот стар, зелен, малечок автомобил, за Петра да остане токму Петра, независно какви промени ќе претрпи? Дали сеќавањето за Петра на почетокот, па потоа после неколку месеци, па после неколку месеци, на таа една Петра која постепено се менува, значи дека сепак се работи за истата Петра?

Што сè треба сосема да се промени, или да се замени со нешто ново, за Софи да биде сосема нова? Дали ќе биде Софи која *не сака* пржени лепчиња или игри со братот и сестрата? Софи која нема самодоверба да разговара со соседите и ближните? Софи која е толку добра по математика, што никому не му се верува дека е истата Софи? Софи разбираше дека е сосема во ред сосетката да сака да биде „нова таа", но Софи, иако сакаше нова година, одлучно не сакаше „нова јас". А сепак, повторно се замисли себе во иднината, во автобомилот Петра, како носи кул очила и оди на важни места – таа Софи се чинеше толку инаква од сегашната, незамисливо, извонредно различна, како да е навистина сосема нова.

По извесно време, Софи сфати дека малку се променила. Во јануари веќе не ѝ требаше мајка ѝ да ѝ помага со фризурите, затоа што беше и повешта од неа. Ланскиот капут ѝ беше веќе мал. Во февруари

доби три петки по Математика. Во март ниеднаш не изгуби трпение со блиските, туку љубезно им кажуваше ако ѝ требаше малку време да здивне, и тие го почитуваа тоа. „Можеби и станувам нова јас“, мислеше Софи, „но не сосема нова. На пример, секогаш сакам пржени лепчиња“.

Марија Тодоровска

## *Разговараме*

☞ Што во однос на себе би сакал/а да промениш? Зошто би променил/а?
☞ Што би сакал/а да промениш во твојот живот? Зошто би променил/а?
☞ Кои промени ги забележуваш во природата?
☞ Кои промени ги забележуваш кај твоите блиски пријатели?
☞ Какви промени забележуваш кај себе од минатата година?
☞ Што е тоа што се менува и што не се менува во нас? Што нè прави нас да бидеме ние? Тоа што не се менува или промените?

# Приказните за дедо

Брат ѝ на Софи не го паметеше дедо им. Со огромно задоволство ја слушаше Софи како му раскажува за него. Софи му имаше раскажано на брат ѝ сè што знаеше за дедо им, сè на што самата се сеќаваше, и сè што имаше слушнато од другите.
– „Дедо беше пензионер, но претходно бил поштар".
– „Дедо сакаше да пешачи и сакаше да застанува и да разговара со соседите", раскажуваше Софи.
– „Како тебе!" радосно ќе додадеше брат ѝ. – „Дедо беше гласен и весел, никогаш не беше здодевно со него". – „Како мене!" – ќе вметнеше брат ѝ. – „Дедо сакаше да полева цвеќе и да гледа како доаѓаат пчели". – „Како мама и дада!" – ќе споредеше брат ѝ. Приказните за дедо беа толку пати повторувани, што Софи почна да измислува нови, иако не беше сигурна за одговорите. – „Сакаше ли дедо да танцува?", праша брат ѝ. – „Обожуваше да танцува",



одговори Софи, која иако имаше видено слики од баба и дедо на игранка во Домот на културата, не знаеше дали навистина тој *обожувал* да танцува. Брат ѝ не го оспори таквото новостекнато знаење, па Софи продолжи: – „Еднаш, кога бил поштар, дедо помогнал да се врати изгубено богатство кое било заталкано низ поштата со децении. Богатството го однеле во музеј, и дедо го имало во весник“. – „Ууу“ – речиси со стравопочит одговори брат ѝ. На Софи ова ѝ се допадна, па почна со претерани и очигледно нереални приказни во кои дедо им се бореше против натрапници, крадци на писма, против локален змеј (за ова Софи се послужи со народна приказна за Крале Марко, мислејќи дека брат ѝ нема да се противи); со приказни во кои дедо им патува низ пустината во Северна Африка и низ Амазонската Прашума.

Сеќавањето за дедо им живееше во нив, знаеше Софи, но тој сепак понекогаш ѝ недостасуваше. Таа се прашуваше дали неприсуството на дедо им е исто како неприсуството на брат ѝ и на сестра ѝ пред да се родат, и особено, на нејзиното неприсуство пред таа да се роди.

Софи се сеќаваше како еднаш брат ѝ мошне се изненади, и дури се навреди, кога таа му покажуваше слики од одмор, на кој тие биле пред тој да се роди. „А каде сум јас?“ – со неверување праша брат ѝ. „Тебе те нема тука“. – „Како ме нема?“. – „Така, те нема. Ова беше пред да се родиш“. Брат ѝ се вознемири и малку се подналути. Можеби љубомореше што биле заедно на одмор и се забавувале без него.

Софи не можеше да замисли каков бил светот пред неа, зашто секогаш кога го замислуваше светот, *таа* беше таа која го замислуваше. Ги замислуваше баба и дедо, дотерани, на танц во Домот на културата, многу пред да бидат нечии баба и дедо, дури пред да бидат нечии мајка и татко. Ги замислуваше мама и тато како одат на планинарење додека се млади, кога уште не се ни знаеле, и кога не знаеле дека ќе бидат маж и жена. Значи, иако знаеше дека го замислува минатото, не можеше да се оттргне себеси од тоа минато, зашто таа беше таа која го замислува. А, сепак, Софи беше

свесна дека огромен период светот постоел без неа. Не само кога биле само тато и мама и баба и дедо и другите баба и дедо, и прабаби и прадедовци, туку дури до првите племиња на овој простор, и дури до првите луѓе на светот, и дури до почетокот на светот и првичниот буљон.

Софи умееше да го замисли тој буљон. Знаеше дека не е навистина буљон, но милуваше да го замислува небаре клокоти во земјата како во тенџере. А Софи, во својот ум го замислува тој буљон, значи, таа е на некој начин присутна тогаш, во нејзината замисла. Исто важи и за иднината, си мислеше Софи, која сакаше научнофантастични приказни. Таа можеше да замислува каква ќе биде вселената по илјадници години, но иако знаеше дека нема да биде таму, кога го замислуваше тоа, таа *беше* таму. И, не постоеше замисла во која ја немаше Софи. Значи, додека замислата за минатото и иднината се наоѓаше во умот на Софи, и Софи, на некој посреден начин, се наоѓаше во нејзината замисла за минатото



и иднината. Замислата беше во Софи, и Софи беше во замислата.

„Замислата за сè што може да замислам живее во мојот ум“ – мислеше Софи. Но, се прашуваше дали истите тие нешта, односно замислите за нив, живеат и во умовите на сите други луѓе. „Дали се работи за иста замисла?“ се прашуваше Софи. Сигурно не, зашто замислата на дедо во умот на брат ѝ е инаква од нејзината. Замислата на автомобилски мотори на татко ѝ е извонредно попрецизна од нејзината. Замислата на првичниот бујон на другите сигурно не е во боите на комплетот тенџериња на баба ѝ, знаеше Софи. А сепак, кога ќе се кажеше „дедо“ или „мотор“, луѓето знаеја за што станува збор. Секако „дедо“ значеше различни нешта за различни луѓе. За неа, тоа беше нејзиниот весел, гласен дедо, кој сакаше да пешачи, да муабети и да ги набљудува цвеќињата. За другите, тоа беа разни други дедовци, стотици, илјадници дедовци. „Сите знаат дека дедо треба да биде, па, токму тоа, дедо“, си додаде Софи. Не сечиј дедо мора да биде пензионер, или стар, или да сака да муабети. Но, кога ќе кажеш „дедо“, иако луѓето не го знаат твојот дедо, ниту ти го знаеш нивниот, сепак замислувате нешто слично. Значи, сите дедовци во умот на луѓето мора да споделуваат нешто заедничко, за да бидат дедовци.

Сите мачки, исто така, мора да имаат нешто заедничко во замислата на луѓето, за да бидат замислени токму како мачки. „Таман работа сите луѓе постојано да ги замислуваат сите посебни мачки“, се поднасмеа Софи, „па само на нашата улица има дваесетина! Но, секој пат кога замислуваме мачка, таа идеја мора да има нешто основно, или општо, за да знаеме дека е идеја за мачка. Да, мора да е така“, мисли Софи.

– „Дедо сакаше мачки“, раскажува Софи. „И порано имавме жолта мачка, како и сега. И, исто



така“ – и тука знае дека повторно претерува – „мачките го слушаа и доаѓаа како по наредба, и правеа трикови, скокаа и се вртеа и легнуваа и мјаукаа ако им кажеше. Се собираа луѓе да гледаат, плескаа и се смееја“.

Брат ѝ се кикоти. Софи, задоволна од новата приказна, помислува колку е добро што има моќ да замислува нешта, и што нештата живеат, како идеи, во нејзиниот ум.

Марија Тодоровска

## Од речникот

**Булјон.** Во науката, се смета дека на почетокот на постоењето на Земјата, постоел таканаречен „првичен булјон“, кој се состоел од водите и атмосферата на Земјата пред да биде создаден животот. Животот се формирал од соединенијата во овој булјон кога се создале соодветни услови.

**Научна фантастика** е вид на литература во која се обработува влијанието на вистинската или измислената наука врз општеството или поединците.

**Стравопочит**. Длабоко почитување со примеси на страв кон лице на висока положба или кон постар.



## Разговараме

☞ Постојат ли нешта за кои знаеме само според тоа што ни го раскажале? Наведи неколку примери.

☞ Може ли да замислиме какви биле нашите блиски (возрасните во нашиот живот, наставниците, соседите, на пример) во минатото, иако не сме биле родени?

☞ Најди другарче со кое имате споделено сеќавање за некаква случка. Потсетете се како се случиле нештата, како сте се однесувале, како сте се чувствувале. Исто ли го замислувате сето ова? Разговарајте што е исто, а што мислите дека не е исто.

☞ Дали твојата замисла за „дедо“ или за „мачка“ се како тие на Софи? Или како тие на твоите другарчиња? Разговарај на темата – како знаеме дека зборуваме за исто нешто, кога употребуваме збор како „дедо“ или „мачка“?

☞ Каде мислиш дека се наоѓаат нашите сеќавања и замисли?

# *Случајно или нужно*

Кога еднаш на голем одмор Софи си играше со другарка ѝ Бети, таа ја турна. – „Извини, случајно беше!“ – искрено се извини Бети. Навистина беше случајно, тие трчаа, па Бети се сопна, изгуби рамнотежа, и се втурна во Софи. Не беше намерно, но исто така можеше и да не се случи, ако Бети не трчаше толку брзо и ако не се сопнеше. Или, можеше Бети да трча и да се сопне, но да го турне Марко, ако тој се најдеше поблиску до неа отколку Софи. Нешто што е случајно можело да се случи, но можело и да не се случи, мисли Софи. Нешто што е нужно едноставно не можело да не се случи, морало да биде. Софи совршено знае дека некои нешта не се случајни, како кога истиот тој Марко, во второ одделение, седејќи до неа толку ја задеваше, што таа се изнервира и му го турна приборот по Ликовно, па водени боички се разлетаа насекаде, а вода се разли по нејзината и по

неговата слика. Тоа беше намерно, зашто Софи беше гневна. Реакцијата на Софи беше одговор на лошото однесување на Марко. Наставничката го знаеше тоа, па го искара и Марко.

Непријателството со Марко се засили во следните недели: тој ѝ ја украде и сокри капата; таа му ја украде тетратката со домашното; тој пред сите кажа дека таа личи на кловн со плетенки, таа пред сите кажа дека тој личи на страшило; на часот по Музичко додека таа пееше, Марко придушено мукаше како крава; на часот по Физичко таа се потруди „случајно“ да го тресне со топка, „погрешно“ целејќи кон кошот. На крајот, ги пратија кај педагогот.





–„Мора да го најдеме изворот на овој проблем“, рече таа. „Зошто вака се однесувате еден кон друг?“

Изворот на овој проблем, мислеше Софи, е Марко, и неговото лошо однесување. Кога Марко не би бил во нејзиното

одделение, или Софи во одделението на Марко, не би имале проблем. Кога Марко не би живеел во нејзиното маало, тогаш не би одел во истото училиште, не би оделе на истите воннаставни активности, и не би биле зли и пакосни еден со друг. Софи продолжи да се враќа наназад – кога мајка му на Марко на времето не би се преселила, не би го сретнала татко му, и не би го имало Марко. А, сепак, ваквата помисла беше чудна. Точно, во моментот таа силно го мразеше Марко. Но, истото важеше за неа – Софи не сакаше да мисли дека кој било од нив е производ на случајноста, па ни Марко. Да не се беше случило (како што од семејните сеќавања Софи знаеше дека се случило) така што на мајка ѝ на Софи еден ден ѝ требало превоз кога врнело, па се запознала со татко ѝ, немаше да ја има Софи и немаше сега да има судир со Марко. Значи, веројатно *морало* на мајка ѝ да ѝ треба превоз токму при



тој дожд и токму тогаш кога поминувал татко ѝ, за тој да ѝ понуди превоз и за да се засакаат, за сега да ја има Софи, а и брат ѝ и сестра ѝ. Но, од друга страна,



можело и да биде, сосема случајно, и инаку – на мајка ѝ да ѝ текне да носи чадор, па да не ѝ треба превоз. Или, на мајка ѝ да ѝ треба превоз, и татко ѝ навистина



да поминува, но една минута предоцна – па мајка ѝ да се засолни од дождот во некоја продавница. На овој начин, всушност, тие воопшто и не може да бидат мајка ѝ и татко ѝ, се потсетува Софи, ниту таа да биде токму оваа Софи.

Но, се прашува Софи, што е со сите средби, настани и случки? Кога некој победува на фудбалски натпревар со одлучувачки гол, дали е случајно што во тој момент одлично владее со топката, а голманот се фрла на другата страна? Или токму тој играч мора да шутира на токму тој начин, а голманот да се фрли на токму таа страна, за топката да влезе во мрежата? Ако сите такви нешта *мора* да се случат, тогаш секако би се случиле, без кој било што било да прави. Едноставно, нужно е да се случат. Но, ако еден одлучувачки гол би морал да се случи, ниту тој кој шутира, ниту тој кој брани, не би требало да се потруди. Ако мора да добијам единица, ќе добијам единица, значи не мора да учам, мисли Софи, но и ако мора да добијам петка, ќе добијам петка, значи исто така не мора да учам? Но, знаењето не се појавува магиски во мојот ум, за да ја добијам таа петка. Значи, некои нешта дефинитивно зависат од нас, и тоа е добро, заклучува Софи, и  мора да ги правиме со намера. Не сакаше да замислува како никој ништо не

прави. Кога никој ништо не би правел намерно, ниту би умеел да предизвикува нештата да се случуваат, тоа би значело дека само автоматски се движиме наоколу, и ако нешто мора да се случи, што и да направам јас, секако ќе се случи, мислеше Софи. Ако е нешто лошо што сум можела да го спречам, мисли Софи, тоа ќе се случи, а ако е нешто супер за кое би сакала да помогнам да се случи, исто ќе се случи и без мене, како јас да не постојам.

Изворот на проблемот со Марко, мислеше Софи, е прво, што постои Марко и постојам јас, и одиме во исто училиште и исто одделение, а второ, што луѓето прават нешта, и предизвикуваат некои други нешта. Софи не сакаше да мисли дека кавгата со Марко *мора* да се случува, небаре некаква невидлива сила си игра со нив, правејќи да бидат лоши еден со друг. Затоа, стана, му подаде рака, тој се извини, и тие се смирија.

Четири години подоцна, тие се другари. Кога Софи истура вода врз неговата слика, тоа е намерно, зашто сакаат да експериментираат со водените боички. Понекогаш Софи и понатаму се прашува дали било случајно тоа што Марко се нашол во нејзиното одделение, за да има соученик и другар за сликарските експерименти, или едноставно морало

да бидат во исто одделение, па нивните слики со години да го красат источниот ѕид на училницата.

Марија Тодоровска



## Разговараме

☞ Има ли примери од твојот живот кога нешто си направил случајно? Раскажи една таква случка!

☞ Дали сѐ што мора да правиш (да одиш на училиште, на курс, на лекар, на гости) е нужно? Кои нешта не мора да бидат нужни? Раскажи!

☞ Наведи ситуации од животот за кои не знаеш какви ќе бидат (на пример, резултат од натпревари, времето за време на излет) и објасни зошто понекогаш не може да знаеме.

☞ Кои нешта нужно морале да се случат, за сега ти да седиш токму на оваа клупа, во ова училиште? Што можело да биде поинаку, за денес да не бидеш токму на ова место?

# *Софи и правилата*

Софи беше живо, итро, весело, разиграно и распеано девојче и не секогаш ги почитуваше правилата. Многу често правилата ја расипуваа играта, ги прекинуваа филмовите, наметнуваа храна кога не ѝ се јаде, обврски што не ѝ се исполнуваа. Со еден збор, беа досадни. А тие правила постојано ѝ ги повторуваа и ги сретнуваше насекаде. Во кино, на улица, во продавница, на игралиште, во кујната, дури и во нејзината соба... буквално насекаде. Кога ќе прашаше зошто мора да се следат, најчесто го добиваше одговорот: „Правилата си се правила и мора да се почитуваат!“, но тоа ништо не ѝ објаснуваше. Што значи тоа „правила си се правила“? Кој ги поставува, дали се менуваат и дали важат за сите? И токму кога конечно мислеше дека ги сфатила (на пример, сфати дека ако не ги враќаме навреме книгите во библиотеката, другите деца нема да можат навреме да

ја прочитаат лектирата, како што таа не можеше да ја прочита „Петар Пан“), на некои од книгите на ноќната масичка на мајка ѝ ќе прочиташе наслов „Четириесет правила за љубовта“ или „Дванаесет животни правила“. Знаеше дека правилата се однесуваат на некои нешта што сите ги прифаќаме за да си го олесниме секојдневието, но зарем и љубовта и животот имаат правила? Кои се тие и дали има некаков прирачник за нив? Тоа многу ја збунуваше.

Правила имаше и на училиште. За разлика од дома, Софи на училиште сакаше да ги почитува правилата. Како да сакаше да докаже дека и во почитување на правилата може да биде најдобра. Сакаше да победува, но освен тоа беше и правдољубива. Ако правилата важат за неа, сметаше дека треба да важат за сите и сите да ги почитуваат. Така беше фер.

Уште на првите часови наставничката им ги претстави правилата за добро однесување во училиштето и во училницата, а најмногу им ги повторуваше оние за добро однесување меѓу учениците. Софи секогаш се обидуваше да го почитува правилото за сослушување и почитување на мислењето на другиот. Понекогаш тоа ѝ беше тешко затоа што често имаше цврст став за некое

прашање, но потоа размисли дека ако таа не го сослушува другото мислење, ниту другите нема да го сослушуваат нејзиното. Сепак, забележа дека постојат и друг вид правила во разговорот, за кои не се зборуваше толку, но за кои Софи некако насетуваше дека се многу важни.

Еден ден на големиот одмор после часот по Македонски јазик, откако сите во одделението зборуваа за миленичињата, Софи се најде среде еден разговор кој го водеше Мила, заедно со Ели и со Лена. Мила сметаше дека сите девојчиња повеќе ги сакаат мачињата, а момчињата – кучињата. Со тоа



се согласија и Ели и Лена. И Софи сакаше повеќе мачиња, но знаеше дека братучетка ѝ Тамара сакаше повеќе кучиња и дека во нивното семејство со месеци се зборуваше дали да си вдомат мачe или куче. Тоа значи дека не сите девојчиња сакаат мачиња повеќе од кучиња. Реши да се вклучи во разговорот.

– Мила, не сите девојчиња сакаат повеќе мачиња отколку кучиња – рече Софи.

– Леле, Софи, зошто толку ги мразиш мачињата? – восклика Мила.



– Не, не, јас многу сакам мачиња, само мислам дека некои девојчиња повеќе сакаат кучиња, а не мачиња. Еве, мојата братучетка Тамара повеќе сака кучиња – рече Софи.

– Тогаш, зошто исто како мене мислат и мајка ми, и Марија од осмо, а еве и Ели и Лена се согласуваат – самоуверено одговори Мила.

– Мила, дури и ако мајка ти, Марија, Ели и Лена се согласуваат со тебе, не значи дека сите се согласуваат. А, и зошто мислењата на мајка ти и на Марија се најважни за тоа кој сака повеќе мачиња, а кој кучиња?



Софи почна по малку да се вознемирува.

- Но, Софи, мачињата се толку мили и слатки што не може да не ги сакаш. Да го видиш Тео, не може да не се вљубиш во него – со љубов раскажуваше Мила за своето маче.

- Знам, знам, многу е слатко – се согласи Софи. Но, Мила, нели се сеќаваш колку го галевме териерот на Дина минатата есен на нејзиниот роденден. Зарем и кучињата не се слатки? – запраша Софи, истовремено забележувајќи ги лицата на Ели и Лена кои се согласуваа со неа.

- Леле, Софи, некогаш знаеш да бидеш многу упорна, а и по малку напорна. Не можам веќе да ти докажувам – рече Мила и отсечно замина.

Софи многу ја сакаше Мила и ѝ беше криво што со неа се разделија на тој начин. Сигурно ќе се смират. Утре одат на екскурзија, а тие секогаш седат заедно во автобусот. Сепак, Софи почувствува дека Мила не беше во право и дека требаше да ѝ каже дека крши некои важни правила при разговорот. Очигледно е дека почитувајќи ги овие правила победи во дискусијата, но тоа сега не ѝ беше толку важно. Поважно ѝ беше да ги одбрани девојчињата што сакаат кучиња, но и оние што сакаат зајаци, и желки, и хрчаци.

Јасмина Поповска



## Разговараме

☞ Наведи едно правило кое според тебе најмногу треба да се почитува! Кое правило најмалку сакаш да го почитуваш?

☞ Дали правилата се важни? Дали се важни правилата во разговорот?

☞ Кое правило во разговарањето, според тебе, е најважно?

☞ Зошто Мила претпоставува дека Софи мрази мачиња?

☞ Дали мислењето на Мила, нејзината мајка, Марија, Ели и Лена се доволни за да се каже дека сите девојчиња сакаат повеќе мачиња отколку кучиња?

☞ Зошто Мила смета дека е важно да каже колку е сладок Тео?

☞ Дали е важно за разговорот тоа што Мила смета дека Софи е упорна и напорна?

# *Софи во стапица*

За почетокот на новата школска година, Софи доби подарок на кој многу му се израдува: голем комплет со прибор за цртање. Во него имаше сè што ѝ требаше за на училиште: дрвени боички, пастелни бои и фломастери во сите нијанси, моливчиња со различни дебелини, острилка, гума, сите вешто прицврстени на своето место, за совршен ред во торбичката.

Софи многу внимаваше на својот прибор и секогаш кога го затвораше внимателно проверуваше дали секое негово делче е на своето место. Затоа еден ден во одделението се случи мала тревога кога за време на големиот одмор, Софи сфати дека за време на часот ѝ ја снемало гумата за бришење – онаа со облик и мирис на јаготка, која особено ја сакаше. „Лелеее, ми ја нема гумата, сум ја загубила гумата, најубавата гумааа!“, со растреперен глас викна Софи.

Бидејќи нејзините другарки и другари од одделението знаеја за таа нејзина грижа за омилениот подарок, се растрчаа наоколу во потрагата по загубената гума-јаготка. Потрагата не беше лесна, бидејќи училницата беше голема, но со здружени сили брзо ја најдоа стркалана зад мијалникот. Нејзината најдобра другарка, Марија, триумфално ѝ ја донесе уловената гума-бегалка, а Софи, од радост и благодарност, силно ја прегрна.

И кога сите мислеа дека случката со приборот за пишување на Софи е завршена и дека можат спокојно да уживаат во остатокот од големиот одмор, се јави Горан, со прашање упатено до Софи: „Софи, а дали го загуби црвениот фломастер?“ „Не“, рече Софи, „тука е, го имам“. „А шарениот молив, не го загуби заедно со гумата?“ „Не, и тој е тука“, рече Софи откако повторно го провери приборот. „Значи, она што не си го загубила го имаш, така“? „Да, да, сè си имам, сè си е на своето место“, потврди Софи. Тогаш Горан повторно праша „Софи, а случајно да не го загуби и златното пенкало од твојот прибор“? Додека Софи остана збунета, не знаејќи од каде му дојде на ум вакво прашање



на Горан, сите очи беа свртени кон неа, очекувајќи одговор на многубројните прашања што почнаа да ѝ ги упатуваат: „Софи, зошто не си ни кажала дека имаш златно пенкало? Мора да е многу убаво! Зошто досега не си ни го покажала? Кој ти го даде? Дали навистина го загуби? Ако не ти е загубено, тогаш дај да го видиме!“ Се разбира, Софи воопшто немаше такво пенкало, ниту во приборот ниту вон него. Но откако љубопитните другарчиња ја „нападнаа“ со прашањата за златното пенкало што го спомена Горан, таа не можеше да дојде до збор за да им објасни дека ниту имала такво пенкало, ниту го загубила.

Додека Софи се обидуваше да се снајде во необичната ситуација, повторно се јави Горан: „Добро, добро, не ми се лути, се пошегував малку на сметка на твојата љубов кон приборот за пишување... Но сега сакам да те прашам нешто друго, прашање на кое те молам да ми одговориш со ‘да’ или со ‘не’“. „Повели“, рече Софи. „Дали престана кришум да му ги земаш боичките на твојот брат Стефан?“ Само што го слушна прашањето, Софи сфати дека повторно се најде „во небрано“. Таа никогаш од никого ништо не би зела без прашање, а особено од своето сакано братче, и покрај тоа што понекогаш малку знаеше да ја налути. Но како да одговори на прашањето на

Горан, со да или со не? Додека Софи, вцрвенета од напорот на размислувањето, молчеше барајќи го соодветниот одговор, заѕвони ѕвончето и сите почнаа да се подготвуваат за часот по Математика, брзо заборавајќи на недовршениот разговор меѓу Горан и Софи.

Но на Софи тој никако не ѝ излегуваше од глава. И беше мака затоа што како и да го свртеше прашањето на Горан, таа испаѓаше губитник, како да беше фатена во стапица, принудена да каже нешто што не е вистина. Вечерта ги сподели своите недоумици со своите родители. Мајка ѝ, заинтересирана од случката што ѝ ја раскажа Софи, потврди дека нејзините прашања околу тоа што мислиме кога велиме дали нешто е вистина или не воопшто не се без основа. Потоа, откако прелиста една од дебелите книги од домашната библиотека, ѝ шепна на уво уште неколку работи што ѝ го поправија расположението и направија одвај да чека утредента да се сретне со Горан.

За време на големиот одмор, таа прва му пристапи. „Горан, а дали сега јас може да те прашам нешто, како ти мене вчера?“ му се обрати Софи. „Секако, Софи“, одговори заинтересирано Горан. Софи ја зема кредата и почна да пишува нешто на

таблата. Горан ја прочита напишаната реченица „Четири е поголемо од два“. Софи праша: „Горан, дали оваа реченица е вистинита?“ „Да“, рече Горан убедено, „па нели тоа го учевме на часовите по Математика?“ Софи напиша друга реченица –



„Магарето лета“. „А оваа реченица?“, го праша? „Па таа е лажна, се разбира, магарињата немаат крила да летаат!“, без двоумење рече Горан. „Одлично“, потврди Софи. „Значи, за секоја реченица што кажува какво е или не е нешто, ти можеш да ми кажеш дали е вистинита или лажна, така?“ „Се разбира“, одговори самоуверено Горан. „Ако реченицата кажува дека нешто е такво какво што навистина е, тогаш е вистинита, во спротивно – лажна“.

„Добро“, се согласи Софи. Потоа одново нешто напиша на таблата. Горан го прочита следново: „Реченицата напишана на таблата е лажна“. „Горан, дали оваа реченица што ја напишав на таблата е вистинита или лажна?“ – го праша Софи? Горан мислеше, мислеше, се вцрвуваше опкружен со љубопитните погледи на другарчињата како што таа



се вцрвуваше вчера и не можеше да најде одговор на прашањето, како да заскитуваше во слепа улица, во ќорсокак, со секој можен одговор. Не успеа да го реши проблемот, но едно сепак му стана јасно: не задевај се со Софи!

Ана Димишковска

## Размислуваме

☞ Што мислиш, зошто Софи не може да најде едноставен одговор, со „да“ или со „не“, на прашањата на Горан?

☞ Дали согледуваш нешто заедничко во двете прашања што Горан ѝ ги упатува на Софи?

☞ Како ти би постапил/а да си на местото на Софи во ситуацијата со необичните прашања?

☞ Што мислиш, зошто Горан не може да ѝ одговори на Софи дали последната реченица што е напишана на таблата е вистинита или лажна?

## Задача

Подолу се дадени неколку реченици.
Со „+“ одбележи ги оние за кои сметаш дека се вистинити, со „–“ оние за кои сметаш дека се лажни, а со „?“ оние за кои не можеш да кажеш дали се вистинити или лажни. Потоа спореди ги твоите одговори со оние на твоите соученици, и ако имате различни одговори на ова прашање, поразговарајте за тие разлики.

а) 2 плус 3 е еднакво на 5.
б) Мачката лае.
в) „Вујко“ е брат на мајката.
г) Утре во Скопје ќе врне дожд.
д) Сладоледот од јагода е поубав од сладоледот од чоколадо.
ѓ) Триаголникот има четири агли.

# Софи и „малите“ зборчиња

Софи многу сакаше да си игра со хартија и на едноставен начин да си прави играчки според сопствената желба – бротчиња, капи, авиончиња... имаше по некоја за секоја пригода.

Еден ден, на часот по Ликовно образование, сфати дека воопшто не е осамена во таа нејзина љубов кон фигурите од хартија. Наставничката им покажа чудесни предмети изработени од разнобојна хартија, само со нејзино вешто превиткување – животни, птици, ѕвезди, шапки и што ли уште не... да ти се заврти умот! Тогаш дозна дека таа вештина има и свое име – оригами, дека потекнува од земјите на Далечниот



Исток – Кина и Јапонија, и дека иако изгледа мошне сложена, со труд, љубов и упорност може да се научи, како и толку многу други нешта на светот.

Само што сакаше да праша каде и како може да почне да учи оригами, наставничката соопшти вест што многу ја израдува Софи. Таа рече дека утредента во нивното училиште ќе се одржи работилница за правење оригами дека секој што сака може да учествува во неа. Заинтересираните ученици со себе требаше да понесат само два листа хартија во боја – еден жолт и еден зелен лист. Како што им објасни наставничката, секоја боја во правењето оригами си има свое значење. На пример, жолтата е симбол за пријателството, слободата и радоста, а зелената – за природата, хармонијата и рамнотежата. Целата замисла многу ѝ се допадна на Софи и таа реши да се пријави за работилницата.



Утредента, кога дојде пред училницата каде се учеше правењето оригами, ја чекаше долг ред од нејзините соученици. На вратата на училницата

стоеше натпис: „Работилница за правење оригами. Кој сака да учествува, нека донесе лист жолта и лист зелена колаж-хартија“. Децата влегуваа во просторијата и ѝ ги предаваа листовите на наставничката. Таа ги распоредуваше во мали тимови и трпеливо им покажуваше како да ја превиткуваат хартијата за да ја направат саканата фигура. Софи и нејзините другарчиња уживаа во малите чуда – фигурите што се раѓаа од нивните раце од толку едноставен материјал.



Софи толку се занесе во правењето оригами што не забележа дека во ходникот, на влезот на училницата, се случува нешто необично. Се слушаа возбудени гласови, смеа, прашања... Софи љубопитно истрча надвор и што ќе види – пред вратата на училницата стоеше нејзиното братче Стефан, кој

одеше во истото училиште, само во прво одделение. Во раката држеше жолт лист хартија и ја гледаше со молежлив поглед во крупните очиња.



Софи се зачуди бидејќи не очекуваше да го види Стефан на вратата на својата училница, обично таа одеше кај него на одморите да го посети. Не знаеше што се случило додека наставничката не ѝ објасни: „Софи, Стефан те слушнал вчера колку восхитено зборуваш за учењето оригами, па посакал и тој да научи. Не ти кажал да го земеш со себе плашејќи се дека ќе му речеш дека е мал за тоа, па дошол право на вратата на училницата. Видел дека земаш колаж-хартија, па зел и тој, но во комплетот останал само еден, жолт лист. И сега многу сака да ни се придружи... Што правиме деца, да го примиме во работилницата?“ Стефан беше толку мил, очигледно уплашен да не го

караат што дошол сам пред вратата на училницата, но со поглед што гореше од желба да им се придружи ним, на поголемите деца, што сите во глас извикаа: „Даааа, наставничке, нека дојде со нас, ќе учиме заедно!“... Наставничката се насмеа „под мустаќ“ и со сериозен тон им рече: „Добро, но видете што пишува на вратата? Кој сака да влезе во работилницата, треба да донесе жолт и зелен лист, а Стефан има само жолт... Што правиме сега?“

Децата се замислија, во својата желба да го вклучат братчето на Софи во своето учење-дружење, го изумија правилото што го спомена наставничката. И додека сите седеа збунети, од групата се издвои Бени, еден од најдобрите другари на Софи. Од џебот извади фломастер, отиде до вратата и на листот каде што беше правилото,до зборчето „и“ допиша „ли“, па го доби зборчето „или“. Правилото сега гласеше: „Кој сака да учествува, нека донесе лист жолта или лист зелена колаж-хартија“. Наставничката не можеше да



го скрие своето задоволство: „Браво Бени! Одлично ти текна! Ете, сега правилото дозволува да ни се придружи Стефан, кој носи само жолт лист, а ако дојде некој што носи само зелен лист, и тој или таа ќе можат да ни се приклучат без проблем!“

Додека сите се радуваа на новата ситуација, Кемал срамежливо го сподели својот сомнеж... „Но чекајте! Ако сега важи ова правило, дали ако дојде некој што носи и жолта и зелена хартија, како што сите правевме на почетокот, не ќе може да ни се приклучи?“ Но сега наставничката се јави во одбрана на новото правило: „Не, Кемал, тоа би било така кога правилото би гласело ‘нека донесе или лист жолта или лист зелена колаж-хартија’. Но вака како што е сега – ‘нека донесе лист жолта или лист зелена колаж-хартија’, ги вклучува сите – и тие што носат само жолта, и тие што носат само зелена, и тие што носат и жолта и зелена хартија!“

Стефан не разбра ништо од она што го зборуваа Софи, нејзините другарчиња и наставничката, но почувствува дека ситуацијата се сврте во негова полза, па радосно извика „Урааа!!!“ и отрча во училницата со оригамите. По него потрчаа и другите деца. Софи одеше полека, размислувајќи за моќта на зборовите, а особено на најмалите зборчиња во

речениците, како „и“ и „или“, кои досега воопшто не ги забележувала, а кои денес се покажаа толку важни. Реши во иднина да им обрне повеќе внимание. И преостанатите оригами да ги направи заедно со Бени.

Ана Димишковска

## Размислуваме

1. Разгледај ја реченицата: „Софи и Бени сакаат оригами“. Во која од подолуопишаните ситуации оваа реченица би била вистинита?

а) Софи сака оригами. Бени не сака оригами.
б) Софи не сака оригами. Бени не сака оригами.
в) Софи не сака оригами. Бени сака оригами.
г) Софи сака оригами. Бени сака оригами.

2. По случката со Стефан, Софи и нејзините другарчиња започнуваат разговор за тоа како е кога во семејството не си единствено дете. За да може подобро да го води разговорот, наставничката бара да кренат рака учениците што имаат брат или сестра. Во моментот, ситуацијата во нивните семејства е ваква: Софи има само брат, Бени има само сестра, Кемал има и брат и сестра, Елена нема ни брат ни сестра.

☞ Кој од нив треба да крене рака а кој не? Можеш ли да објасниш зошто?



**3.** Од часовите по Математика, Софи има научено дека секој природен број е или парен или непарен. Таа знае и дека бројот 20 е парен. Сега размислува дали може да биде вистинита некоја од следните реченици за овој број:

а) Бројот 20 е непарен.

б) Бројот 20 не е ниту парен ниту непарен.

в) Бројот 20 е и парен и непарен.

Како ти би одговорил/а на ова прашање да си на местото на Софи? Објасни го твоето размислување.

**4.** Помисли на зборот „училница“ и нацртај како го замислуваш тоа што тој го означува. Потоа помисли на зборчето „и“ и обиди се да го нацрташ тоа што ова зборче го означува. Дали успеваш во тоа? Прашај ги твоите соученици како тие се справуваат со оваа задача. Ако се соочувате со тешкотии, поразговарајте за нив.

☞ Можеш ли да објасниш зошто зборчињата како „и“ и „или“ спаѓаат во групата зборови што се нарекуваат „сврзници“?

# *Софи и необичниот ден*

Тој ден навистина беше многу необичен. Беше понеделник, првиот ден по неделата. Неделата беше омилениот ден на Софи, бидејќи беше неработен и можеше да си го помине како што сака. Понеделникот секогаш ѝ беше малку тежок и мачен, поради тоа што требаше да стане рано и да се зафати со школските обврски. Но тој понеделник се покажа малку поинаков од другите.

Необичните нешта почнаа уште на првиот час, оној по Мајчин јазик. Со наставничката работеа еден расказ од книгата „Приказни по телефон“ на италијанскиот писател Џани Родари. Насловот на расказот беше „Земјата со претставката ‘не’”, а во него се раскажуваше за патник што дошол во некоја чудна земја во која зборовите почнувале со „не“. На пример, наместо „острилка“ во таа земја имале „неострилка“, а наместо „топ“ – „нетоп“. Но повеќе од овие смешни

имиња Софи ја заинтересира значењето на овие зборови. Така, неострилката била направа што го продолжувала, а не го скратувала моливот што бил ставен во неа, а нетопот бил оружје со чие пукање војната не почнувала или продолжувала, туку веднаш запирала. Децата убаво се изнасмеаја на тој час, замислувајќи ги тие „обратни нешта“, но Софи никако не можеше да ги запре прашањата што се роеја во нејзината глава по читањето на расказот. Дали секое нешто во таа земја имало своја спротивност? На пример, како што постоела неострилка, дали постоел и немолив? Ако постоел, како би изгледал и што би се правело со него?



И додека уште се обидуваше да најде одговор на овие прашања, ја дочека нова загатка со истото зборче, „не“, но овојпат на часот по Математика.

Решаваа задачи со знакот што на Софи секогаш ѝ изгледаше мошне збунувачки: беше спротивен на знакот еднакво, имаше чудно име – „нееднакво“, и, според Софи, уште почудно изгледаше – прецртано „еднакво“! „Хм, овој знак како да дошол баш од земјата со претставката ‚не’“, си помисли Софи. На Софи не ѝ беше проблем точно да ги реши задачите, на пример да напише „нееднакво“ во квадратчето лево од кое пишуваше 35 + 5, а десно 15 + 15. Јасно беше дека ако ги собере броевите 35 и 5 ќе добие 40, а ако ги собере 15 и 15 ќе добие 30, што не е еднакво на 40. Но ја збунуваше фактот што збирот на броевите 35 и 5 беше еднаков само на еден број – 40, а нееднаков на многу – на 1, 2, 3....на 30, всушност, на сите броеви освен 40.

Колку подлабоко размислуваше за зборчето „не“, тоа ѝ се чинеше сè попроблематично, воврено во многу пори на нејзините мисли и на секојдневниот јазик. Иако се состоеше само од две букви, изгледа дека беше мошне моќно. Правеше огромна разлика, ги пресвртуваше нештата во нивната спротивност, како некаков прекинувач што од светлото прави темно, а од темното – светло.

Софи почна да размислува за повеќе случки во кои постоењето на тоа „не“ многу ја лутеше,

бидејќи го попречуваше остварувањето на нејзините желби и надежта ѝ ја претвораше во разочараност. На пример, кога во лето многу сакаше да се бања во бистрата езерска вода уште од рани зори, и ќе ги прашаше родителите дали може да влезе во езерото, а тие сложно ќе одговореа: „Не може! Уште е студено!“ Или кога ќе посакаше да јаде сладолед, а тие ќе ѝ речеа: „Не смееш! До вчера имаше воспаление на грлото!“ Или кога чичко ѝ го поправаше моторот на автомобилот и таа сакаше да му помага, а тој ќе ја одвратеше со зборовите: „Не ми се плеткај наоколу, не е таа работа за мали девојчиња!“

Но тогаш сами од себе почнаа да ѝ навираат сеќавањата на случки во кои, всушност, многу се радуваше што постои тоа „не“, бидејќи ѝ ги бришеше лошите чувства и ја штитеше. Колку го сакаше тоа „не“ кога мајка ѝ му објаснуваше на брат ѝ Стефан дека не смее да шара по нејзините тетратки за домашна работа, или кога наставничката го скара детето што ја потегна за плетенката опоменувајќи го дека не смее така да се однесува кон неа, ниту кон кое било другарче, или кога татко ѝ не ја пушти да вози велосипед без кацига, што ја спаси од повреда кога набрзо падна возејќи се...

И како што почна тој необичен ден, така и заврши: со уште една непланирана средба со зборчето „не“. Кај неа на гости дојде нејзината постара братучетка, со едно цветче камилица во рацете, од кое кинеше едно по едно ливче и нешто тајно си шепотеше. Кога Софи ја праша што прави, таа почна доверливо да ѝ шепоти на уво, за да не ги слушне никој друг: „Вака дознаваш дали те сака тој што ти е симпатија. Отстрануваш едно по едно ливче, и на секое кажуваш: *ме сака*, *не ме сака*, *ме сака*, *не ме сака*... Ако испадне да кажеш 'ме сака' на последното ливче, имаш среќа, те сака, ако не – ништо...“



На Софи не ѝ се веруваше дека сакањето и несакањето се поврзани баш на тој начин со цветните ливчиња како што ја убедуваше братучетка ѝ. Сепак, реши вечерта скришно да ја проба играта, земајќи едно гранче камилица од стракот што мајка ѝ штотуку го имаше набрано за да го исуши и да им свари природен чај. И самата се изненади од тоа што срцето ѝ се стегна кога, приближувајќи се до крајот на кругот ливчиња, виде дека останува само уште едно ливче, а кај него редот им доаѓа на зборовите „не ме сака“. Натажена, само што почна пак да му се лути на „не“, кога – пак се изненади: виде дека под тоа што ѝ се чинеше дека е последно ливче на цветот, всушност се скрило уште едно, и дека крајните зборови од играта нема да бидат „не ме сака“, туку „ме сака“! Се насмевна сама со себе и се помисли дека во таков необичен ден сѐ е можно – па и тоа дека зборчето „не“, гледајќи колку ѝ се важни овие последни зборови, намерно одлетало на претпоследното цветно ливче како на крилја од пеперутка, за да ѝ го направи денот необично убав.

Ана Димишковска

## *Размислуваме*

☞ Избери збор со кој се означува некој предмет во твојот дом (на пример книга, столче, ламба итн.). Додај му ја претставката „не“ и направи нов збор. Потоа обиди се да го нацрташ она што го означува тој нов збор. Ако не можеш да го замислиш неговото значење и да го претставиш со цртеж, размисли зошто е тоа така.

## *Размисли и одговори:*

а) Реченицата „Езерската вода **е** студена наутро“ е вистинита. Каква ќе биде реченицата „Езерската вода **не е** студена наутро“?

б) Реченицата „Пет **е** поголемо од десет“ е лажна. Каква ќе биде реченицата „Пет **не е** поголемо од десет“?
Врз основа на овие примери, дали можеш да кажеш како една вистинита реченица можеме да ја претвориме во лажна, а лажната – во вистинита?

☞ Дали некогаш ти се случило, слично како на Софи во расказот, да те натажи или да те израдува употребата на зборчето „не“? Ако

можеш да се сетиш на некоја таква случка, раскажи им ја на твоите соученици.

☞ Поврзи го секој збор од левата колона со зборот од десната колона што има спротивно значење:

| | |
|---|---|
| | богатство |
| правда | несреќа |
| | убавина |
| пријателство | љубов |
| | неправда |
| среќа | благодарност |
| | непријателство |

Што е заедничко за зборовите од десната колона со кои ги поврза оние од левата?

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-93-32

МИСЛОВНИТЕ авантури на Софи [Електронски извор] / Ана Димишковска ... [и др.] ; [илустрации Душица Димитровска]. – Скопје : Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/32003?mode=simple. – Текст во PDF формат, содржи 78 стр., илустр. – Наслов преземен од екранот. – Опис на изворот на ден 10.12.2024. – Други автори: Дејан Донев, Јасмина Поповска, Марија Тодоровска

ISBN 978-608-238-250-0

1. Димишковска, Ана [автор] 2. Донев, Дејан [автор] 3. Поповска, Јасмина [автор] 4. Тодоровска, Марија [автор]

COBISS.MK-ID 64879109

NATIONAL AGENCY
FOR EUROPEAN EDUCATIONAL
PROGRAMMES AND MOBILITY

Erasmus+
Enriching lives, opening minds.

